РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
- ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ -

# П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 04 - 1317/ 3

02 . 3 .2018 година

СКОПЈЕ

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/2000, 44/2002, 82/2008 167/2010 и 51/2011), член 39 став 2 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014 и 196/2015), член 17 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/2014, 199/2014 и 27/2016), а во врска со член 22 од Правилникот за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/2015), на _____._____.2018 година, генералниот секретар на Владата на Република Македонија, донесе

## П Р А В И Л Н И К
## за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работни места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија

### Член 1

Со овој правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 43-5893/1 од 9.6.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 43-5893/5 од 23.11.2015 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-5107/1 од 28.6.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-5107/4 од 14.7.2016 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 47-2375/1 од 30.5.2017 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 47-2375/3 од 4.8.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 47-2375/8 од 11.12.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-1317/2 од 31.1.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија број 04-1317/4 од 12.2.2018 година, во член 11, став (1) називите на редните броеви 7, 8, 9, 10, 11, 12 и 13, се менуваат и гласат:

„7. Кабинетски службеник за стручно-оперативна и логистичка поддршка во Кабинетот на министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност;

8. Кабинетски службеник за стручно-оперативна и логистичка поддршка во Кабинетот на министер без ресор, задолжен за дијаспора;

9. Кабинетски службеник за стручно-оперативна и логистичка поддршка во Кабинетот на министер без ресор, задолжен за странски инвестиции;

10. Кабинетски службеник за стручно-оперативна и логистичка поддршка во Кабинетот на министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија;

11. Кабинетски службеник за стручно-оперативна и логистичка поддршка во Кабинетот на министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија;